**Година 2004, јуни, број 29**

# *Ф А К У Л Т Е Т С К И*

# *И Н Ф О Р М А Т О Р*

---

## УПИС

Пред нас е уписот на нови студенти. Тие со својот број и интерес силно ќе влијаат врз работата на Факултетот во иднина.

Да им покажеме дека сме тука заради нив.

## ПОДГОТВИТЕЛНА НАСТАВА

Во тек на месец јуни се организира подготвителна настава за кандидатите за упис на МФС по предметите математика, физика, техничка механика и информатика. Наставата се одвива во два термина и е посетена од околу 180 кандидати.

## СТУДЕНТИ ОД СТРАНСТВО НА ФЕРИЈАЛНА ПРАКСА

МФС е домаќин на студенти од странство кои до почетокот на август се на феријална пракса кај нас.

Тоа се: Sarah Elizabeth Mackle од Северна Ирска и Pawel Maciejasz од Полска.

## МОЌТА НА СОНЦЕТО, МОЌТА НА ТЕХНИКАТА

Манифестацијата "Моќта на сонцето, моќта на техниката" се одржа на 29 Мај. И покрај врнежливото време, имавме голем број на посетители. Во холот на факултетот беа изложени пристигнатите 1248 цртежи и беа наградени најдобрите 30. Настанот го отвори Деканот на факултетот, а покрај него зборуваа и заменикот министер за животна средина и просторно планирање и заменик холандскиот амбасадор. Потоа следеше презентација на соларното возило и на студентското возило. По доделувањето на наградите на најдобрите цртежи од страна на академикот Васко Ташковски (претседател на жири комисијата) се изврши и избор на име за студентското возило. Изборот падна на името ВЕДА. На крај се одржа музичка програма со настап на музичките звезди од М2 и програма со ди-џеј од Радио Антена 5.

Соларното возило НУНА2 пристигна после 22 часот поради технички проблеми и временските услови. По завршувањето на манифестацијата се одржа дружење со екипата. Возилото беше сместено во хангарите каде му беа извршени неопходните контроли и сервисирање. Утредента тоа продолжи кон Белград. Интересно видување од страна на екипата на НУНА 2 на целата манифестација може да прочитате и на нивната веб страна: www.nuna2.com



Манифестацијата беше потпомогната од Министерството за животна средина и просторно планирање и УНИЦЕФ а спонзорирана од Сојуз на возачи, Мобимак, Пивара, Мол, Алкалоид, Мекдоналдс, Здружение на возачи на град Скопје, Холандската амбасада и Радио антена 5.

## СЕМИНАР

МФС и Министерството за економија на РМ - Работна група за Слободно движење на стоки, во рамките на Темпус Проектот "Centre for Assessment of Pressure Equipment", организираа дводневен семинар на тема Европска Регулатива за Сектор Опрема под Притисок: "Директива PED 97/23/EC (Pressure Equipment Directive): Правно значење, имплементација, технички аспекти и инфраструктура за квалитет". Повеќе од 40-те слушатели на семинарот беа државни службеници од Министерствата на РМ инволвирани во секторот опрема под притисок и персонал од фирмите производители и корисници на опрема под приситок т.е. стопанството. Предавањето за Директивата и толкувањето на барањата кои произлегуваат, го реализираа домашните и странските експерти од МФС, Fachhochschule Trier, TÜV Rheinland Group, Германија и ISQ, Португалија, кои се вклучени во Проектот.

## ПРЕДАВАЊЕ

На ден 11.06.2004 година во салата за состаноци на МФС Мите Митев, (дипломиран на нашиот факултет и вработен во HP од Oregon - Corvallis, USA) одржа предавање на тема: Вовед во Microsoft.net и Нова интернет технологија на Microsoft.

## МЕДИУМСКА КАМПАЊА

Кампањата по медиумите за упис на МФС продолжува. Во тек се серија на гостувања на МС телевизија каде се врши презентација на новите наставни програми, факултетот и сите негови активности.

## МАГИСТЕРСКИ СТУДИИ

Дипл.маш.инж. Весна Мирчевска-Алтипармакова го одбрани својот магистерски труд на ден 28.05.2004 година

Дипл.маш.инж. Даниел Андоновиќ го одбрани својот магистерски труд на ден 14.06.2004 година.

Дипл.маш.инж. Даниела Младеновска го одбрани својот магистерски труд на ден 18.06.2004 година

***Искрени честитки и желби за понатамошно напредување во кариерата***

## КОНКУРС

На ден 3.06.2004 во дневниот лист "Утрински весник" распишан е редовниот пролетен конкурс за избор на наставници и соработници. Постапката по конкурсот продолжува.

## О Т С У С Т В А

1. Проф. д-р Константин Димитров на ден 17.06.2004 година службено патуваше во Софија, Р.Бугарија со цел да присуствува на состанокот организиран во врска со реализацијата на проектот RENEUER.

2. Асс. м-р Ана Лазаревска од 14 до 16.06.2004 година оствари студиски престој на Машинскиот Факултет во Белград, Србија и Црна Гора.

3. Проф. д-р Атанаско Тунески во период од 26.06 до 5.07.2004 година ќе престојува на Универзитетот во Фиренца, Италија со цел подготовка на апликацијата ЈЕП ТЕМПУС проект.

4. Доц. д-р Валентина Гечевска, остварува студиски престој на Техничкиот универзитет во Торино, Италија во рамки на Тепмус програмата преку кој именованата има добиен IMG (Indvidual Mobility Grant). Престојот ќе биде реализиран од 1.06 до 30.06.2004.

5. Доц. д-р Јасмина Чалоска, остварува студиски престој во Сапоро, Јапонија. преку учество на курсот за производствен менаџмент за земјите од источна Европа, кој е во рамки на проектот за соработка и техничка помош помеѓу Владата на Р. Македонија и Јапонија. Студискиот престој се реализира од 25.05.2004 до 02.07.2004 година.

## СПОРТ

Екипа од МФС во мал фудбал го освои 3-то место во универзитетската лига.

Кошаркарската екипа на МФС го постигна најдобриот успех досега во универзитетската лига со освојувањето на 4-то место. Екипата освои и пехар за фер плеј.

Тимот на САС со тркачкото возило учествуваше на кружната трка од шампионатот во автомобилизам на Македонија одржана во Скопје и го освои 10-тото место. Следната трка е во Крушево, на 27 јуни.

## КАЛЕНДАР И ПОТСЕТНИК

**24.06.2004**
**41 СЕДНИЦА НА ННС**

**ПРВ УПИСЕН РОК**

**Пријавување:**
**24-25.06.2004**

**Приемни испити:**
**Математика**
**30.06.2004**
**Физика, Техничка механика и јакост или Информатика**
**05.07.2004**

**08.07.2004**
**42 СЕДНИЦА НА ННС**

## Техничко уредување:

*Тони Манџуковски*
*Борис Рошков*